РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

Бр. 03-25

Скопје 14.07.2020г.

Предмет: Одговор на претставка бр.03-25 од 13.07.2020 година

Почитуван,

По пристигнувањето на Вашата претставка, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ги разгледа сите материјали што ги доставивте во нејзин прилог и направи увид во програмата на ТВ Ко-Бра со седиште во Радовиш, емитувана на 10, 11 и 12 јули 2020 година. Во претставката наведувате дека Телевизијата не ѝ дозволила на Вашата партија да се обрати до гледачите затоа што не сте купиле маркетинг простор, а во неделата на 12 јули емитувала повици за гласање на други партии. Притоа, наведувате и дека ТВ Ко-Бра не е заведена во Регистарот на ДИК, односно не смее да емитува платено политичко рекламирање. Во прилог имате доставено два линка до постови на Фејсбук кои водат до два прилога, еден со обраќање на кандидатот за пратеник од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Обнова на Македонија Здравко Трајанов, а другиот до обраќање на кандидатот за пратеник од СДСМ и Коалицијата Можеме Коле Чаракчиев, како и фотографии од Фејсбук профилот на ТВ Ко-Бра (кадешто се гледаат двата прилога) и од веб сајтот Медијапрес, на кој се гледа објавено платено политичко рекламирање од Коалицијата Обнова на Македонија.

Најпрвин би сакале да Ве информираме дека **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има надлежности за мониторинг на изборното медиумско претставување на програмите на радиодифузерите, односно на телевизиите и радијата, но не и на веб сајтовите (Медијапрес) и социјалните мрежи (Фејсбук).** Оттаму, Агенцијата постапи во однос на оние наводи од Вашата претставка за коишто има ингеренции, односно за емитуваните облици на изборно медиумско претставување на програмата на ТВ Ко-Бра.

Прилози во кои се информира за активности на учесниците во изборната кампања се емитувани во вестите од петокот (10 јули), но не и во текот на викендот, односно двата прилога објавени на Фејсбук профилот на Телевизијата не се објавени на програмата на ТВ Ко-Бра. Од другите облици на изборно медиумско

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

претставување, овие три дена, емитувани се интервјуа со претставници на повеќе учесници во изборната кампања (на пример, СДУ-Македонски концепт, Левица, Интегра, ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Обнова на Македонија и др.). Увидот во програмата покажа дека ТВ Ко-Бра овие три дена нема емитувано платено политичко рекламирање. Согласно Изборниот законик медиумите што не се дел од Регистарот на ДИК (каков што е случајот со ТВ Ко-Бра) не може да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на државата. Оттаму, **во анализираниот период на ТВ Ко-Бра, Агенцијата не констатираше прекршок на Изборниот законик.**

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

**--------------------------------------------------**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**